Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во 2025 година, на кој начин Советот при Вашата општина редовно ги информираше граѓаните за својата работа? Ве молиме наведете ги **сите користени комуникациски канали**. Исто така, во прилог на одговорот дадете линкови од објавите, фотокопии од објавите за информирање на граѓаните и слично.

2. Дали Советот при Вашата општина усвои Програма за работа на Советот за 2026 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете линк каде што истата е јавно објавена.
   - Ако не, Ве молиме наведете ги причините за неусвојување истата.

3. Поврзано со јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки кои Вашата општина ги има спроведено во 2025 година, Ве молиме наведете:
   - Број на физички јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Број на онлајн јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Име на онлајн алатки кои се користени при онлајн јавни консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесување на одлуки;
   - Теми на јавните консултации или други форми на вклучување на граѓаните во донесувањето на одлуки.

(опис на информацијата која се бара)

**Датум:** 16.02.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-206/1, 16.02.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 16.02.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со информирање и вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки, се уважува

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со информирање и вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 16.02.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 16.02.2026 година под архивски број 18-206/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 16.02.2026 година, под бр. 18-206/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

__________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурс

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1.Во 2025 година Советот на Општина Демир Хисар ги информираше граѓаните за својата работа преку редовни објави на дневниот ред на седниците, записниците од одржаните седници како и Службениот гласник на општината, кои редовно се објавуваат на интернет страницата на општината. Седниците на Советот на Општина Демир Хисар се јавни и секој граѓанин може да присуствува со претходна најава до Претседателот на Советот или до администрацијата на општината.

https://demirhisar.gov.mk/lokalna-samouprava/sovet-na-opshtina-demir-hisar/dneven-red-na-sedniczite-na-sovetot/

https://demirhisar.gov.mk/lokalna-samouprava/sovet-na-opshtina-demir-hisar/zapisniczi-od-sedniczite-na-sovetot/

https://demirhisar.gov.mk/lokalna-samouprava/sovet-na-opshtina-demir-hisar/sluzhben-glasnik-na-opshtinata/

2. Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2026 година е усвоена на четвртата седница на Советот, на 30.12.2025 година и е објавена во Службен гласник бр.1 за 2026 година.

https://demirhisar.gov.mk/lokalna-samouprava/sovet-na-opshtina-demir-hisar/dneven-red-na-sedniczite-na-sovetot/

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2026/01/sluzben-glasnik-br-01-od-05.01.2026.pdf

3. Општина Демир Хисар има усвоено неколку интерни процедури за вклучување на граѓаните во процесите на донесување на одлуките и креирање на годишните програми за работа и буџет.

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/proczedura-za-vkluchuvane-na-graganite-vo-proczesite-na-donesuvane-na-odluki.pdf

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/proczedura-za-planirane-izrabotka-donesuvane-i-realizaczija-na-godishni-operativni-programi.pdf

https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/20241101142352532.pdf

Исто така на граѓаните им се овозможува и користење на алатки за директна комуникација со општината и тоа:

https://demirhisar.gov.mk/prijavi-problem/

https://demirhisar.gov.mk/uslugi/predlozi-na-graganite/

https://demirhisar.gov.mk/mzaednicza/

Во 2025 година сите овие алатки и интерни процедури се користени за прибирање на мислења и предлози од граѓаните кои се основа за креирање на општинските програми и буџет.

https://demirhisar.gov.mk/opshtina-demir-hisar-se-prikluchi-na-interaktivna-digitalna-platforma-mzaednicza/

https://demirhisar.gov.mk/javen-povik-za-pribirane-na-predlozi-za-predlog-programite-i-predlog-budhetot-na-opshtina-demir-hisar-za-2025-godina/

https://demirhisar.gov.mk/budhetski-forum-za-2025-godina-2/

https://demirhisar.gov.mk/budhetski-forum-za-2025-godina/

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------